Врз основа на член 119 став 1 точка 3 и став 8 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр.24/2019) и член 18 од Договорот за набавка на работи, број 102-3189/1 од 21.02.2020 година, Анекс бр. 1 на договорот бр 102-2848/6, Анекс бр. 2 на договорот бр. 102-5110/3 на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 0306-74 од 12.02.2020 година, Анекс бр. 1 на договорот бр. 0302-133/1 и Анекс бр. 2 на договорот бр. 0306-191 на Друштво за производство,услуги и трговија АЛФА ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, (носител на група) & ESOTECH d.d (член на групата) за „Градежни работи за изградба на постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци ", а во врска со доставеното барање од Изведувачот и Надзорниот орган и барањето за склучување на анекс бр. 3 на договорот од 23.07.2021 година на ден 26.07.2021 година се склучува следниот:

АНЕКС БР.3
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Arjanit Hoxha (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,

и

2. Друштво за производство,услуги и трговија АЛФА ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, (носител на група) & ESOTECH d.d (член на групата) со адреса на носителот на групата ул. Ул.Димитрие Чуповски бр.1А-1/3 ЕДБ 4023000110714, ЕМБС 5490669, Жиро сметка и Банка депонент 210-0549066901-21 , НЛБ Тутунска банка застапувано од управителот Ацо Ристов (во натамошниот текст - Изведувач), од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс бр. 3 кон Договорот за набавка на работи „Градежни работи за изградба на постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци", бр. 102-3189/1 од 21.02.2020, анекс број 1 на договорот бр 102-2848/6 и анекс број 2 на договорот бр. 102-5110/3 се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на временската рамка на договорот, односно се врши измена на Член 4 .

Член 2

Рокот за изведување на предвидените работи се продолжува.
Согласно промената новиот текст гласи:
„ Работите да се изведат во согласно со законските прописи за вршење на ваков вид работи - законот за градење, тендерската документација, техничката спецификација, предмер пресметката и доставената понуда.
Изведувачот е должен да ги изведе предвидените работи во рок од 18 календарски месеци, односно до 26.09.2021 година. Рокот за изведување на работите започнува од денот на воведување на Изведувачот во работа.
Рокот за изведување на работите започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Изведувачот во работа и по претходно обезбедено оддобрение за градење.
Изведувањето на работите ќе се врши согласно барањата наведени во техничките спецификации – предмерот , основниот проект и доставениот динамички план за изведување на работите кој Изведувачот треба да го достави по воведување во работа.

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката - Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни

Член 5

Овој Анекс бр.3 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни, односно од 26.07.2021 година.

Член 6

Овој Анекс бр. 3 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Инвеститорот и 2 (два) за Изведувачот.

| ИНВЕСТИТОР, | ИЗВЕДУВАЧ, |
|---|---|
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | ДПУТ АЛФА ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје |
| Министер, | Управител, |
| Arjanit Hoxha | Аце Ристов |